РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09-339/5
04-08-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија, Државната комисија за спречување на корупцијата , на 50-тата седница одржана на ден 22.07.2021 година донесе

**О д л у к а**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-3405/1 од 30.09.2020 година, по што се запира постапувањето по овој предмет.

Одлуката да се достави до подносителот на пријавата -------- -----------.
Предметот со број 09-3405/1 од 30.09.2020 година да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предмет со број 09-3405/1 од 30.09.2020 година е оформен по поднесена пријава од познат подносител. Во пријавата, подносителот наведува дека од страна на началник на СВР -------- врачен му е Предлог за покренување на постапка за утврдување на одговорност за кршење на работен ред и дисциплина.
Подносителот наведува дека станува збор за класичен пример на судир на интереси, затоа што началникот на СВР -------- пристрасно ја извршува неговата службена должност, односно дека истиот бил должен да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи неговото влијание на неговиот приватен интерес и за тоа да го извести својот претпоставен согласно член 72 став 2 од ЗСКСИ.
Со поднесувањето на оваа пријава, подносителот бара да се преземат сите законски мерки кои што стојат на располагање и да се утврди фактичката состојба.
Државната комисија за спречување на корупцијата, со цел утврдување на фактичката состојба и утврдување на вистинитоста на наводите во пријавата се обрати до -------- -----------, Началник на СВР -------- и од него побара да ги достави следните податоци:

- Колку дисциплински постапки се покренати против лицето -------- -----------, вработен на работно место Началник на ОПЧИИ, ОКРА, СВР ---------;
- Дали предлозите за покренување дисциплинска постапка се поднесени од овластени подносители;
- Дали се прифатени предлозите и доколку се, дали имале завршница постапките и кои мерки се изречени;
- Дали се уредени можните сосотојби на судир на интереси во случај на поднесување на предлози за покренување на дисциплинкси постапки?

Исто така, се обрати и до -------- -----------, подносител на пријавата и од него побара да се доставаат следниве податоци:

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

- Подетално да се објасни и образложи за која состојба на судир на интереси се мисли во случајот на покренување на дисциплинска постапка, а во врска со член 72 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите;
- Да се опише организациската поставеност по основ на хиерархија помеѓу Вас и Началникот на СВР Куманово;
- Дали сметате дека постапката за покренување дисциплинска постапка е покрената од овластен подносител?
- Дали е спроведена постапка за уврдување на дисциплинска одговорност по доставените предлози и ако да, дали сте го искорителе правото на приговор пред Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. (ако да, да се достави копија од донесеното решение).

Во законски предвидениот рок, Државната комисија беше известена и од СВР ---------- и од -------- -----------.

Според известувањето од -------- -----------, беше утврдено следново:

- Едно исто лице во конкретниот случај -------- -----------– Началник на СВР ---------, истовремено од една страна се јавува како потписник /подносител на две службени белешки за наводно извршена контрола по пат на „лично забележување“ , а од друга страна се јавува и како подносител/потписник на два предлога за поведување на дисциплинска постапка. Подносителот на пријавата, смета дека контролата не е извршена од страна на надлежен старешина и истата не е извршена објективно и професионално. Предлагачот за извршената контрола е началник на СВР ---------, но не е овластен да врши контроли од секаков вид, односно контролата би требало да ја изврши непосредно претпоставениот старешина кој што е друго лице.
- Подносителот на пријавата смета дека е прекршен член 221 став 2 од Колективниот договор, каде било предвидено дека Предлог за контрола поднесува овластен предлагач во моментот на сторување на повредата, а сегашниот потписник не бил овластен потписник во времето кога се случиле повредите, затоа што во времето на сторување овластен потписник на предлог било друго лице.
- По основ на поднесените предлози, спроведена е дисциплинска постапка пред Дисциплинска комисија на СВР ---------- и по истите се донесени Решенија, на кои што се поднесени Приговори, за кои подносителот како што наведува имал сознанија дека приговорите не се проследени до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Во однос на Барањето податоци и информации испратено до СВР ---------, од таму ги добивме следните податоци:
Против полицискиот службеник -------- -----------, покренати се две дисциплински постапки. Истите се покренати од овластен подносител согласно член 221 став 2 од Колективниот договор на МВР и истите се прифатени и завршени.
За една дисциплинска постапка е донесено Решение за изрекување на парична казна во висина од 15% од последната исплатена месечна плата на работникот во траење од три месеци, а за втората е донесено Решение за распоредување на работно место во едно пониско од нивото на работното место на кое дотогаш работел работникот и за истите согласно погоре цитираните одредби не постои судир на интереси.

Со оглед на погоре наведеното од странките од кои Државната комисија достави Барање за податоци и информации, може да се констатира дека за полицискиот службеник и подносител на пријавата -------- ----------- е утврдена дисциплинска одговорност во два наврати, при покренати дисциплински постапки и дека постапките се завршени.
Што се однесува на наводите за постоење на судир на интереси, во конкретниот случај станува збор за постапки што се покренуваат од овластени службени лица согласно колективниот договор и други прописи што важат за МВР, односно СВР ----------, каде се пропишани причините поради кои може да се поднесе предлог за покренување на дисциплинска постапка, кој го поднесува предлогот, до кого го поднесува предлогот, кој одлучува по предлогот итн., а истото не е во надлежност на Државната комисија за спречување на корупцијата. Имено, Државната комисија за спречување на корупцијата не е надлежна да следи и оценува како се спроведени дисциплински постапки и дали истите се спроведени согласно важечките прописи.

Подносителот на пријавата, -------- -----------против кого е поведена и дисциплинска постапка доколку не е задоволен од дисциплинската постапка поведена против него има право на Приговор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
Од друга страна пак, во конкретниов случај не станува збор за состојба на судир на интереси согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, ниту пак непосредно претпоставениот кој го поднел предлогот за поведување на дисциплинска постапка и лицето против кого е поведена постапката не се блиски лица согласно член 8 став 4 од ЗСКСИ, од каде произлегува обврска непосредно претпоставениот да се изземе од постапувањето кога се одлучува за блиско лице.
Од вака утврдената фактичка состојба, произлегува дека не постојат факти кои се спротивни на ЗСКСИ, а кои би иницирале состојба на судир на интереси.

Наводите во пријавата за постоење на судир на интереси не се потврдуваат, поради што Државната комисија на својата 50та седница одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Е.Н., соработник
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК